Национална пливачка федерација
National Swimming Federation

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 02 – 124/2
25.12 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за Спорт на Република Северна Македонијна и Статутот на Националната Пливачка Федерација(НПФ),Управен одбор на НПФ,на седницата одржана на 24.12.2019 донесе одлука за донесување на:

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НАЈУСПЕШНИ ПЛИВАЧИ НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ТЕКОВНА ГОДИНА

**Член 1.**

Со овој правилник се уредуваат прашањата во врска со прогласувањето на најуспешните пливачи на Националната Пливачка Федерација(во понатамошниот текст НПФ).

**Член 2.**

Категориите на пливачи на НПФ за кои се водат тековни Национални рекорди и според кои се настапува на Национални Првенства е утврден со возрасни категории:

- Сениори – пливачи 17 години и постари
- Јуниори – 15/16 години
- Кадети – 13/14 години
- Постари пионери – 11/12 години
- Помлади пионери 10 години и помлади

**Член 3**

За да може да се прифати номинацијата на пливачот,истиот треба да биде:

- Државјанин на Македонија
- Да биде член на клуб кој е во Националната пливачка федерација
- Да не се води дисциплинска постапка кон пливачот

**Член 3.1**

Најуспешен пливач на Национално Првенство се прогласува пливачот со најмногу освоени први места

**Член 4.**

Најуспешен пливач во тековната година се прогласува пливачот според резултатите постигнати на Националното првенство,односно да е прогласен на едно од Националните првенства за најуспешен во соодветната категорија.

**Член5.**

Доколку се случи во една од горенаведените категории да има прогласено различен пливач,односно на Летното првенство да е еден пливач најуспешен а на Зимското првенство друг пливач најуспешен се земаат во предвид следните работи:

1. Збир на први места од Летното и Зимското Национално првенство,доколку и после овој критериум се со ист број на победи се преминува на следниот
2. Збир на победи во штафетни трки,доколки и после овој критериум се со ист број на победи се преминува на следниот

e-mail:aleksandarf@yahoo.com ; nacionalnaplivackafederacija@yahoo.com ; mkochovska@yahoo.com
Mob: +389 78 386 236; +389 71 269 660 www.pfm.mk

Scanned by CamScanner

3. Највреден резултат по ФИНА бодови

**Член 6.**

Овој правилник стапува на сила од денот на неговото донесување и неговата објава на официјалната страна на НПФ

Скопје

Претседател на Управен Одбор на НПФ
Александар Филипчев

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Скопје

Scanned by CamScanner